Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Архивски број : 0801-37/13

01-12-2021 Година

Постапувајќи по претставка бр. 0801-37 од 31.03.2021 година, поднесена од [redacted] од Скопје, против Министерството за одбрана, за извршено вознемирување врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 5 и член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 258/30.10.2020 година), на 30.11.2021 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ** кон вработениот [redacted] врз основа на лично својство и општествен статус во областа на работа и работни односи од страна на непосредно претпоставени лица во хиерархиска поставеност во Министерството за одбрана и тоа: Радмила Шеќеринска – Министер во Министерство за одбрана, Драган Николиќ – Државен секретар во Министерство за одбрана и Бранкица Гацова – Раководител на сектор за логистика во Министерство за одбрана.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка со архивски број 0801-37 од 31.03.2021 година, од подносителот [redacted] за сторено дискриминаторско вознемирување по основ на лично својство и општествен статус во областа на работата и работни односи од страна на хиерархиски претпоставени лица во Министерството за одбрана. Согласно наводите од претставката, поднесувачот тврди дека вознемирувањето започнува во август 2017 година, со неговата смена од Раководител на одделение за контрола на квалитет во Сектор за логистика, спротивно на одредбите содржани во член 87 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија (Службен Весник на Република Македонија бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16, 101/19 и Службен Весник на Република Северна Македонија бр.14/2020), спротивно на Правилникот за начинот на работа и без одлука на Кадровски совет. Со донесување на Наредба „Д" [redacted] од 15.06.2020 година од дотогашното работно место Советник за контрола на квалитетот на прехранбени производи во Сектор за логистика – Офицер на ветеринарна служба, подносителот тврди дека е преместен на несоодветно работно – формациско место – Офицер за операции во



КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

4. Тим во [redacted]. За местото на кое е преместен, пропишана е друга воено – евиденциска специјалност, друг образовен профил и други стручни квалификации, различни од тие кои ги имал подносителот.

Имајќи ги предвид ваквите наоди, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од приложените докази констатира дека ваквите тврдења се веројатни и согласно член 24, став 7, во врска со член 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 09.07.2021 година испрати Известување бр. 0801-37/2 за произнесување кон наводите од претставката до Министерство за одбрана. Според доказите приложени кон претставката, подносителот во меѓувреме се обраќа и до Државниот инспекторат за труд, кој на ден 25.02.2021 година врши вонреден инспекциски надзор во Министерството за одбрана на РСМ, за испитување на ваквите наводи. По извршување на надзорот, според направениот Записник ИП 1 Бр. [redacted] од [redacted].2021 година, Државниот инспекторат за труд констатира низа неправилности во донесената наредба, како и во преместувањето односно: работодавачот не ја докажал основаноста на причините кои довеле до поставувањето и истиот постапил спротивно на членот 86, став 3 од Законот за служба во Армијата. Следно, ДИТ констатира дека работодавачот не постапил согласно членот 13 од Правилникот за воено - евиденциски специјалности во Армијата на РСМ „Д“. Понатаму, инспекторатот констатира и прекршување на членот 14 од Колективниот договор на Министерството за одбрана како и дека работодавачот не постапил согласно членот 79 од Законот за служба во Армијата на РСМ.

Имајќи ги предвид ваквите наоди, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација испрати Ургенција – Дополна бр. 0801 – 37/3 на 01.09.2021 година, во која е побарано од Министерството за одбрана да достави докази со кои би се утврдило отстранувањето на констатираните неправилности од страна на ДИТ. Во меѓувреме, подносителот на претставката врши дополнување кон претставката заведено под архивски број 0801-37/5 од 30.09.2021 година. Во дополнувањето, подносителот тврди дека со Наредба „Д“ [redacted] од 26.04.2021 година, изменет е Правилникот за систематизација на работните места и укинато е работното место во Одделението за контрола на квалитет на кое што требало да биде вратен согласно насоките по записник на Државен инспекторат за труд. Исто така, со укинување на Наредба од страна на Генералштабот на АРСМ од 30.03.2021 година, спротивно на Функционалната анализа и Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работни места, *продолжило вознемирувањето* кон него во континуитет, а тоа како што тврди подносителот е во координација на повеќе раководни лица во непосредната хиерархиска поставеност и наведува дека:

Министерката за одбрана – Радмила Шеќеринска, донела решение со кое подносителот на претставката бил сменет од раководната позиција во Одделение за контрола на квалитет во Секторот за логистика, без претходна одлука на Кадровскиот


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

совет, без образложение и за време на користење на годишен одмор. Понатаму, Министерката не го спречила преместувањето во несоодветен ВЕС на [redacted] и како што подоцна утврдил инспекцискиот надзор на ДИТ, со тоа извршила повреда на член 11 и член 13 од Правилникот за воено – евиденциски специјалности во АРСМ „Д". Исто така, спротивно на член 74 од Законот за служба во армијата на РСМ, Министерката потпишала донесување на Правилник бр[redacted] од 22.06.2020 година со кој е исклучено неговото работно место а со тоа подносителот не ги добива дотациите кои му следуваат како ветеринар. Дополнително, како раководен орган на МО, Министерката дозволила измена на Правилникот за систематизација на работни места и укинување на работното место на кое работел [redacted] постапувајќи спротивно на Наредбата на ГШ на АРСМ од 30.03.2021 година, за враќање на подносителот на претставката на претходното работно место. Со таквото постапување, Министерката ги занемарила забелешките на ДИТ и Наредбата на ГШ на АРСМ од 30.03.2021 година.

Државниот секретар – Драган Николиќ по барање на Раководителот на Секторот за логистика – Бранкица Гацова, најпрво дозволил преместување од работното место на Душко Димитровски спротивно на член 86 од Законот за служба во Армијата на РСМ. Исто така, иако најпрвин Државниот секретар работното место го третира како од „особено значење", со допис „Доверливо" [redacted] од [redacted]2021 година, непосредно пред утврдувањето на низа неправилности од страна на ДИТ на ден [redacted]2021 година, Државниот секретар бара пополнување на испразнетото работно место, на кое претходно бил поставен [redacted] Контрадикторно на насоките на ДИТ и барањето за враќање на [redacted] на претходното работно место, на ден 23.03.2021 година, државниот секретар бара изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во МО, со кое се укинало работното место на [redacted]. После укинувањето на работното место и спротивно на Правилник бр. 01-4170/1 од 07.08.2012 г, предложил акт „Доверливо" бр[redacted] од [redacted].2020 до Генералштабот на АРСМ, со кој [redacted] бил ставен на располагање на Генералштабот на АРСМ, без доделување на соодветни работни задачи.

Раководителот на Секторот за логистика - Бранкица Гацова спротивно на член 87 од Законот за служба во Армијата и други позитивни акти во МО на ден 12.06.2020 година, побарала од Државниот секретар во МО преместување од соодветното работното место на [redacted]. По враќањето во Секторот за логистика со Наредба „Д" бр[redacted] од[redacted]2021 година, извршила опструкции во работата на подносителот и ја деактивирала картичката за електронско евидентирање на влез и излез од работното место. Дотолку повеќе, по напатствија на Раководителот на Секторот за логистика посредно преку другите вработени, работната станица на подносителот била преместена од просториите во матичниот сектор каде дотогаш ги извршувал работните задачи, со што му бил оневозможен пристап до работниот простор. Со сите овие постапки, Раководителката на


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Секторот за логистика не го спречила и придонела кон дискриминаторското вознемирување врз потполковникот [redacted].

Министерството не доставува докази за отстранување на препреките со кои [redacted] се соочил на работното место, настанати како резултат на подоцнежната Наредба „Д" [redacted] од [redacted].2021 година. Со ставањето на подносителот на претставката на несоодветно работно место, во изолирана и исклучена положба и оневозможување истиот нормално да ги извршува работните задачи, извршена е повреда на член 10, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:

*(1) Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика*

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација со оглед на констатираните неправилности, утврди дека во континуитет е извршено вознемирување кон Потполковникот [redacted] врз основ на лично својство и општествен статус во областа на работа и работни односи од страна на раководните лица во Министерството за одбрана и тоа: Радмила Шеќеринска – Министер во Министерство за одбрана, Драган Николиќ - Државен секретар во Министерството за одбрана и Бранкица Гацова – Раководител на секторот за логистика, во својство на негови претпоставени во хиерархијата на МО.

Постапувајќи по член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата по утврдена дискриминација, за отстранување на повредите на правото ја донесе следнава:

## ПРЕПОРАКА:

Се препорачува на раководните лица во Министерството за одбрана: Радмила Шеќеринска, Драган Николиќ и Бранкица Гацова, да ги почитува одредбите од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во кој вознемирувањето на работното место се третира како форма на дискриминација.

Се задолжуваат непосредно претпоставените лица во хиерархиската поставеност на Министерството за одбрана: Радмила Шеќеринска, Драган Николиќ и Бранкица Гацова кој директно или индиректно го извршиле вознемирувањето да му обезбедат нормални и пристојни услови за работа на Потполковникот [redacted], согласно законските прописи, да го распоредат на соодветно работно место согласно неговата стручна подготовка и според неговата воено – евиденциска специјалност, согласно Законот за служба во Армијата на РСМ.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно членот 27, став 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, органот е должен да постапи по препораката и да ја отстрани повредата на правото во рок од 30 дена од денот на приемот на претставката и писмено да ја извести Комисијата дека постапило соодветно на препораката. Доколку Министерство за одбрана не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Во текот на работењето по предметот имаме добиено класифицирани документи и истите согласно Законот за класифицирани информации (Службен Весник на Република Македонија бр.275/2019 од 27.12.2019 година) ги прегледа известител кој поседува валиден сертификат за доверливост.

Скопје, 30.11.2021 година

По овластување на КСЗД

Член на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација - известител по предметот

Лимко Бејзароски

Доставено до

- [redacted]
- Радмила Шеќеринска- Министер за одбрана-[redacted]
- Драган Николиќ-Државен секретар- Министерство за одбрана-[redacted]
- Бранкица Гацова- Раководител на сектора за логистика- Министерство за одбрана-[redacted]


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk